# З А П И С Н И К

од Сто и петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2025 година

Скопје, септември 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за апликација за грант за техничка помош од Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) за проектот „Проект за електроенергетски коридор Исток – Запад, западна секција“

2. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за апликација за грант за техничка помош од Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) за проектот „Проект за електроенергетски коридор Исток – Запад, западна секција“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на АД Македонски електропреносен систем оператор МЕПСО во соработка со КфВ Развојната банка да ја изработи предметната апликација за изработка на проектна документација за „Проект за електроенергетски коридор Исток – Запад, западна секција“.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рок од еден (1) ден од добивање на апликацијата за изработка на проектна документација за „Проект за електроенергетски коридор Исток – Запад, западна секција“ да ја разгледа истата, да подготви Писмо за поддршка за апликацијата и да го проследи до НИПАК/Министерството за европски прашања, Министерството за енергетика, рударство и минерални ресурси и АД МЕПСО.

3. Се задолжува НИПАК/Министерството за европски прашања по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии, да ја поднесе ВБИФ апликацијата во рамки на тековниот 33-и повик за техничка помош за изработка на проектна документација за „Проект за електроенергетски коридор Исток – Запад, западна секција“.

4. Се задолжува Министерството за европски прашања (МЕП), како Национален координатор на Инструментот веднаш да се обрати и да побара од Генералниот директорат за проширување и источно соседство (DG ENEST), да се додаде нов проект насловен како

„Проект за електроенергетски коридор Исток – Запад, западна секција“ во Индикативната листа на инвестициски проекти од Реформската агенда во рамките на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 (Анекс 2).

## Точка 2

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:40 часот.